РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES

Бр. 04 - 2149/3
22-07-2025
Скопје-Shkup

Врз основа на член 45 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), државниот секретар, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување на административен службеник**

1. Во врска со јавниот оглас бр. 533/2023 за потреба од вработување на административни службеници во Министерството за одбрана, објавен на ден 02.12.2023 година на интернет страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Слободен печат", „Нова Македонија" и „Коха", за работно место:

**УПР0101В01000 Советник за технички преглед и конечна пресметка во изведување на градежни работи и проектирање во Одделение за градежно обезбедување во Сектор за недвижности,** се избира кандидатот **Филип Марјановиќ,** со идентификациски код 49С521С.

2. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во врска со избор на кандидат за вработување по јавен оглас бр.533/2023 година за горенаведеното работно место, со Пресуда РО бр.3672/24 од 10.02.2025 година на Основен граѓански суд Скопје, Министерството за одбрана е првотужен а Агенцијата за администрација е втротужен.

Имено, врз основа на задолжението од пресудата, Агенцијата за администрација како надлежен орган согласно закон, ја спроведе третата фаза за постапката на избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување, односно Фаза 3 - проверка на веродостојност на докази и интервју.

Проверката на веродостојност на докази и интервју за административен службеник е одржана на ден 15.07.2025 година во просториите на Агенцијата за администрација и констатирано во Записник бр.10-1432/4 од 16.07.2025 година, со што проверката на веродостојност на докази и интервју за огласот бр.533/2023 е завршена на 15.07.2025 година.

По однос на истото, а врз основа на објавениот Јавен оглас бр. 533/2023 за потреба од вработување на административни службеници во Министерството за одбрана, објавен на ден 02.12.2023 година на интернет страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Слободен печат", „Нова Македонија" и „Коха", за работното место: УПР0101В01000 Советник за технички преглед и конечна пресметка во изведување на градежни работи и проектирање во Одделение за градежно обезбедување во Сектор за недвижности, 1

извршител, согласно член 44 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Агенцијата за администрација со допис бр. 2-16-2149/2 од 17.07.2025 година достави конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидат со најголем број освоени бодови за предметното работно место.

Кандидатот Филип Марјановиќ, со идентификациски код 49C521C, се предлага за вработување.

Секретарот, во рок од пет дена по добивањето на спомонатиот предлог е должен да донесе одлука за избор, согласно член 45 од Законот за административни службеници.

Од причина што во Министерството за одбрана е на сила нов Правилник за систематизација дов. бр. 01-370/2 од 23.12.2024 година, со кој работното место предмет на повторената постапка не е утврдено, во врска со вработувањето на кандидатот, Министерството за одбрана ќе донесе решение за вработување и распоредување на работно место, содржано во Годишниот план за вработување на институцијата, откако за тоа ќе се добие позитивно мислење односно финансиска согласност од органот надлежен за давање на согласност на годишниот план за вработување на институцијата во однос на буџетот односно Министерството за финансии.

Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба преку Министерството за одбрана до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори на административните службеници во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката. Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

Изработил: Тони Костески
Контролирал/Одобрил: Ирена Станковска

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Елизабета Чуповска Ристова**

Доставено до:
- Именуваниот;
- Агенција за администрација;
- Директорат за управување со човечки ресурси, образование и обука и
- Архива.